РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП 1 бр. 14-1410
5 -08- 2015 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15 и 98/15), министерот за образование и наука донесе

## РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиската програма Информатички науки и комуникациско инженерство од прв циклус четиригодишни студии на Факултетот за информатички и комуникациски технологии при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма Информатички науки и комуникациско инженерство од прв циклус четиригодишни студии на Факултетот за информатички и комуникациски технологии при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

По добиеното, од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, Решение бр.12-217/4 од 30.03.2015 година за акредитација на студиска програма Информатички науки и комуникациско инженерство од прв циклус четиригодишни студии на Факултетот за информатички и комуникациски технологии при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, се обрати со барање 08-830/2 од 29.06.2015 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП 1 број 14-1410 од 01.07.2015 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма Информатички науки и комуникациско инженерство од прв циклус четиригодишни студии на Факултетот за информатички и комуникациски технологии при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола.

Министерот за образование и наука, со решение УП 1 бр. 14-1410 од 13.07.2015 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 07.07.2015 година, изврши увид и изготви Извештај УП 1 бр. 14-1410 од 29.07.2015 година, каде е наведено дека за студиската програма Информатички науки и комуникациско инженерство од прв циклус четиригодишни студии на Факултетот за информатички и комуникациски технологии при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Abdilaqim Ademi

изработил: Биљана Зафировска
контролиран: Снежана Лузевска
одобрил: д-р Агим Рушити